- Уредот може да се користи во канцеларии, хотелски соби, гостилници, фарми со гостилници и други слични сместувања каде неговото користење не надминува (просечно) ниво на користење во домаќинство.
- Само квалификувано лице може да го монтира уредот и да го замени кабелот.
- Овој апарат мора да биде поврзан со електрилно напојување со вид на кабел H05VV-F за да ја издржи температурата на задната плоча.
- Овој апарат е наменет за употреба за над 2000m надморска височина.
- Овој апарат не се користи на брод, чамец или на пловен објект.
- Не го монтирајте апаратот позади украсена врата за да се избегне презагревање.
- Не го монтирајте апаратот на платформа.
- Не управувајте со апаратот преку надворешен тајмер или посебен далечински систем.

- ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Готвењето на површина за готвење со маст или масло без надзор може да биде опасно и да доведе до пожар.
- Никогаш не користете вода за гаснење на пожар од готвење. Исклучете го уредот и покријте го пламенот со на пример огноотпорна покривка или капак.
- ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Процесот на готвење мора да биде надгледуван. Кратките процеси на готвење мора да бидат постојано надгледувани.
- ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Опасност од оган: Не чувајте предмети на површините за готвење.
- Не користете чистач на пареа за чистење на уредот.
- Не користете силно абразивни средства или остри метални стругалки за да го чистите стаклото на вратата или стаклото на капаците со шарки бидејќи тоа може да предизвика прскање на стаклото.
- Металните предмети, како што се ножеви, вилушки, лажици и капаци, не треба да се оставаат на површината за готвење бидејќи може да се вжештат.
- ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Ако површината е напукната, исклучете го апаратот за да избегнете можност од струен удар. Во случај апаратот да е поврзан со штекерот со разводна кутија, извадете ја спојката за да го исклулите апаратот од струја. Во секој случај контактирајте го Овластениот сервисен центар.
- ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Уредот и неговите достапни делови стануваат жешки при употреба. Треба да се внимава да не се допираат грејачите.
- Секогаш ставајте заштитни ракавици за вадење или ставање додатоци или садови за во рерна.
- Пред одржувањето, исклучете го апаратот од струја.
- ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Осигурајте се дека апаратот е исклучен пред да ја замените светилката за да избегнете струен шок.
- Доколку се оштети кабелот за напојување, тој треба да биде заменет од страна на производителот, негов

овластен сервисен центар или слично квалификувани лица за да се избегне електрична опасност.
- Внимавајте кога ја допирате фиоката за складирање. Може да биде жешка.
- Да ги отстраните полиците, прво повлечете го предниот дел од полицата, а потоа задниот од страничните ѕидови. Ставете ги полиците по обратен редослед.
- Средствата за дисконектирање мора да бидат вградени во фиксните жици во согласност со прописите за врзување жици.
- ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Користете само заштитици за површина за готвење направени од страна на производителот на апаратот за готвење или оние кои се наведени во упатствата за користење како погодни или заштитници за површина за готвење кои се дел од самиот апарат. Користењето на несоодветни заштитници за површина за готвење може да предизвика незгода.

2. БЕЗБЕДНОСНИ УПАТСТВА

2.1 Монтажа

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Апаратот мора да биде монтиран само од квалификувано лице.

- Извадете ја целата амбалажа.
- Немојте да монтирате ниту да користите оштетен апарат.
- Следете ги инструкциите за монтирање дадени со апаратот.
- Секогаш внимавјте кога го пренесувате апаратот затоа што е тежок. Секогаш носете заштитни ракавици и приложените обувки.
- Не влечете го апаратот за рачката.
- Кујнските плакари и владбнатините мора да имаат соодветни димензии.
- Одржувајте минимална оддалеченост од другите апарати и делови.
- Монтирајте го апаратот во сигурно и погодно место кое ги исполнува потребите за монтажа.
- Некои делови од апаратот имаат струја. Затворете го апаратот со мебел за да спречите негово допирање со опасни делови.
- Страните на апаратот мора да останат во близина на апаратите или до уредите со иста висина.
- Не го монтирајте апаратот во близина на врата или под прозорец. На овој начин ќе спречите некој жежок сад за готвење да падне од апаратот кога вратата или прозорецот се отворени.
- Потрудете се да монтирате стабилизатори за да спречите накривување на апаратот. Видете во поглавјето за Монтажа.

2.2 Поврзување на струја

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Ризик од пожар и струен удар.

- Сите електрични приклучоци треба да бидат направени од квалификуван електричар.
- Апаратот мора да биде заземјен.
- Проверете дали параметрите на плочката со спецификации се компатибилни со електричната моќност на мрежата на електрична енергија.
- Секогаш користете правилно монтиран штекер отпорен на струјни удари.
- Не користете адаптери со повеќе приклучоци и продолжни кабли.
- Не дозволувајте кабелот да дојде во допир со или да биде близу до вратата на апаратот, особено кога работи или кога вратата е жешка.
- Заштитата од електричен удар на активните и изолираните делови мора да се поврзе на таков начин што нема да може да се извади без алатки.
- Поврзете го приклучокот за струја со штекерот на крајот од монтажата. Проверете дали приклучокот за струја е пристапен по монтирањето.
- Доколку штекерот е лабав, не приклучувајте го приклучокот за струја.
- Не влечете го кабелот за да го исклучите апаратот од струја. Секогаш повлекувајте го приклучокот за струја.
- Користете само соодветни уреди за изолација: заштитни прекинувачи на линија, осигурувачи (осигурувачи на вртење извадени од држачот), заземјување и контактори.
- Електричната инсталација мора да има изолациски уред кој што ви овозможува да го исклучите апаратот од приклучокот за струја од сите полови. Изолацискиот уред мора да има контактен отвор со ширина од најмалку 3 мм.
- Целосно затворете ја вратата на апаратот пред да го поврзите главниот штекер со приклучокот за струја.

2.3 Употреба

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Ризик од повреда и изгореници.
Ризик од електричен шок.

- Не менувајте ја спецификацијата на овој апарат.
- Осигурајте се дека отворите за вентилација не се блокирани.
- Не го оставајте апаратот да работи без надзор.
- Исклучете го апаратот по секоја употреба.
- Бидете внимателни кога ја отворате вратата на апаратот додека работи. Може да испушти жежок воздух.
- Не ракувајте со апаратот со мокри раце или кога е во контакт со вода.
- Не употребувајте го апаратот како работна површина и не ставајте храна во директен контакт со него.
- Не употребувајте го апаратот како директна површина за готвење. Готвењето мора секогаш да се врши со употреба на соодветни садови.
- Не користете алуминиумска фолија или други материјали помеѓу површината за готвење и садот за готвење, освен ако поинаку не е наведено од производителот на овој апарат.
- Користете само додатоци препорачани за овој апарат од производителот.
- Секогаш користете стакло и тегли одобрени за конзервирање.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Опасност од пожар и експлозија.

- При загревање, маснотиите и маслата можат да испуштаат запаливи пареи. Држете го пламенот или загреаните предмети подалеку од маснотиите и маслото кога готвите со нив.
- Испарувањата од жешкото масло може да предизвикаат спонтано согорување.
- Употребеното масло, кое може да содржи остатоци од храна, може да предизвика пожар на пониска температура отколку маслото кое се користи за првпат.
- Не ставајте запаливи производи или предмети натопени со запаливи производи во апаратот, или во негова близина.
- Не дозволувајте искрите или отворен оган да дојдат во контакт со апаратот кога ќе ја отворите вратата.
- Внимателно отворете ја вратата на апаратот. Користењето состојки со алкохол може да предизвика мешање на алкохол и воздух.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Опасност од оштетување на апаратот.

- За да спречите оштетување или избледување на емајлот:
  - не ставајте садови во рерна или други предмети директно на дното од внатрешноста на апаратот.
  - не ставајте алуминиумска фолија директно на дното на внатрешноста.
  - не ставајте вода директно на жешкиот апарат.
  - не чувајте влажни јадења и храна во апаратот откако ќе завршите со готвење.
  - внимавајте кога ги отстранувате или монтирате додатоците.
- Избледувањето на емајлот или на нерѓосувачкиот челик нема ефект врз работата на апаратот.
- Користете длабок сад за влажни колачи. Овошните сокови предизвикуваат дамки кои може да бидат трајни.
- Не чувајте жешки садови за готвење на контролната плоча.
- Не оставајте садови за готвење да вријат без вода.
- Внимавајте да не паднат предмети или садови на апаратот. Површината може да се оштети.
- Не ги вклучувајте зоните за готвење со празни садови или без садови.
- Садовите направени од лиено железо, алуминиум или со оштетено дно може да предизвикаат гребаници. Секогаш подигнувајте ги овие предмети нагоре кога треба да ги поместите на површината за готвење.

2.4 Грижа и чистење

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Опасност од повреда, пожар или оштетување на апаратот.

- Пред одржување, исклучете го апаратот.
  Извадете го приклучокот за струја од штекерот.
- Проверете дали апаратот е ладен. Постои опасност од кршење на стаклените плочи.
- Веднаш заменете ги стаклените плочи на вратата ако се оштетени. Стапете во контакт со Овластениот сервисен центар.
- Бидете внимателни кога ја вадите вратата од апаратот. Вратата е тешка!
- Заостанатата мрснотија или храна во апаратот може да предизвика пожар.
- Редовно чистете го апаратот за да спречите оштетување на површинскиот материјал.
- Осигурете се дека внатрешноста и вратата се суви после секоја употреба. Пареата која се прави за време на работата на апаратот се кондензира на ѕидовите на внатрешноста и може да предизвика корозија. За да ја намалите кондензацијата, загрејте го апаратот околу 10 минути пред готвењето.
- Чистете го апаратот со влажна мека крпа. Користете само неутрални детергенти. Не користете абразивни производи, абразивни сунѓери за чистење, растворувачи или метални предмети.
- Доколку користите спреј за печка, почитувајте ги безбедносните инструкции на пакувањето.
- Не чистете го каталитичкиот емајл (доколку има) со никаков тип на детергент.

2.5 Внатрешна светилка

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Опасност од електричен шок.

- Во однос на светилите во внатрешноста на овој производ и резервните светилки што се продаваат посебно: Овие светилки се предвидени да издржат екстремни физички услови во апаратите за домаќинство, како што се температура, вибрации, влажност или се предвидени за давање сигнали за работната состојба на апаратот. Тие не се предвидени да се користат за други намени и не се погодни за осветлување простории во домот.

- Овој производ содржи извор на светлина од класа на енергетска ефикасност G.
- Користете само светилки со истите спецификации.

2.6 Сервис

- За да го поправите апаратот, контактирајте со овластениот сервисен центар.
- Користете само оригинални резервни делови.

2.7 Отстранување

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Ризик од повреда или задушување.

- Контактирајте со вашите општински органи за да добиете информации за тоа како да се ослободите од апаратот.
- Исклучете го апаратот од напојувањето.
- Извадете го електричниот кабел блиску до апаратот и фрлете го.

3. МОНТАЖА

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

3.1 Технички податоци

Димензии	
Висина	847 - 867 мм
Ширина	596 мм
Должина	600 мм

3.2 Местото на апаратот

Можете да го инсталирате вашиот самостоен апарат со шкафови на една или две страни и во аголот.



Минимални растојанија

Димензија	мм
A	650

3.3 Нивелирање на апаратот



Користете ги малите ногарки на долната страна од апаратот за да ја поставите горната површина рамно со другите површини.

3.4 Заштита од накривување

⚠ ВНИМАНИЕ!

Инсталирајте ја заштитата против накривување за да спречите апаратот да падне под неправилно оптоварување. Заштитата против навалување работи само кога апаратот е ставен на правилно место. Апаратот има симболи кои се прикажани на сликата (ако е применливо) за да ве потсети за инсталирање на заштита од накривување.



⚠ ВНИМАНИЕ!

Уверете се дека сте ја инсталирале заштитата од накривување на точната височина.

Уверете се дека површината зад апаратот е мазна.

1. Поставете ја точната височина и зона за апаратот пред да ја закачите заштитата од накривување.
2. Монтирајте ја заштитата од навалување 176 мм подолу од горната површина на апаратот и 24 мм од страната на апаратот во кружната дупка на држачот. Видете ја илустрацијата. Зашрафете ја во цврстиот материјал или употребете соодветна поткрепа (sид).
3. Можете да ја најдете дупката на левата страна на задниот дел од апаратот. Видете ја илустрацијата. Ставете го апаратот во средината на просторот помеѓу плакарите (1). Ако просторот меѓу шкафовите е поголем од ширината на апаратот, мора да го прилагодите страничното мерење до центарот на апаратот.



3.5 Електрична инсталација

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Производителот не е одговорен ако не ги следите безбедносните мерки од поглавјата за безбедност.

Апаратот е обезбеден без приклучок или кабел за струја. Приклучоците за поврзување се наоѓаат зад задната плоча.

Видови кабли кои можат да се применат во различни фази:

Фаза	Минимална големина на кабел
1	3x6,0 мм²
3 со неутрален	5x1,5 мм²

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Електричниот кабел не смее да го допира делот од апаратот што е засенчен на илустрацијата.



4. ОПИС НА ПРОИЗВОДОТ

4.1 Општ преглед



1 Копче за функциите на греење

2 Контролно копче (за температура)
3 Индикатор / симбол за температура
4 Копчиња за плочата за готвење
5 Елемент за греење
6 Светилка
7 Потпора за полици, мобилна
8 Вентилатор
9 Позиции на полици
10 Изгравирана внатрешност - Сад за чистење со вода

4.2 Прегледна плоча за готвење



1 Рингла
2 Показател за преостаната топлина

5. ПРЕД ПРВА УПОТРЕБА

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

5.1 Почетно предзагревање и чистење

Загрејте го празниот апарат пред првата употреба и контакт со храна. Уредот може да испушта непријатна миризба и чад. Проветрете ја собата за време на предзагревање.

1. Извадете го сиот дополнителен прибор и држачите на решетките што се вадат од апаратот.
2. Поставете ја функцијата . Поставете ја максималната температура. Оставете го апаратот да работи околу 1 ч.
3. Поставете ја функцијата . Поставете ја максималната температура. Оставете го апаратот да работи околу 15 мин.
4. Поставете ја функцијата . Поставете ја максималната температура.

Оставете го апаратот да работи околу 15 мин.

5. Исклучете го апаратот и почекајте да се олади.
6. Исчистете го апаратот и додатоците само со крпа од микровлакна, топла вода и благо средство за чистење.
7. Ставете ги додатоците и држачите на решетките кои се вадат назад на својата почетна положба.

5.2 Тркалца коишто се повлекуваат

За да го користите апаратот, притиснете го тркалцето. Контролното копче излегува надвор.

6. ПЛОЧА ЗА ГОТВЕЊЕ - СЕКОЈДНЕВНА УПОТРЕБА

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

6.1 Поставки за подгревање

Симболи	Функција
0	Позиција исклучено
⎍	Одржување на топлина
1 - 9	Поставки за подгревање

Користете ја резидуалната топлина да ја намалите потрошувачката на енергија. Исклучете ја ринглата приближно 5 - 10 минути пред да заврши готвењето.

Свртете го копчето за одбраната рингла за да ја поставите потребната јачина на топлината.

За да го завршите готвењето, завртете го копчето на позицијата исклучено.

6.2 Показател за преостаната топлина

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Се додека показателот е видлив, постои ризик од изгореници од преостанатата топлина.

Показателот се вклучува кога ринглата е жешка, но не работи ако е исклучена струјата.

Показателот може, исто така, да се појави:
- за соседните рингли, дури и ако не ги користите,
- кога жежок сад за готвење ќе се стави на студена рингла,
- Кога површината за готвење е исклучена, но ринглата се уште е жешка.

Показателот исчезнува кога ринглата е изладена.

7. ПЛОЧА ЗА ГОТВЕЊЕ - НАПОМЕНИ И КОРИСНИ СОВЕТИ

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

7.1 Садови за готвење

Резултатите од готвењето зависат од материјалот за садови за готвење

Дното на садовите за готвење мора да биде колку што може подебело и порамно.
Осигурете се дека дното на тенџерето е чисто и суво пред да го ставите на површината на плочата за готвење.

ⓘ

Не користете садови за готвење на керамичката плоча за готвење со изразено дно или рабови, на пр. тави од лиено железо. Тие може трајно да ја изгребаат или истружат површината на плочата за готвење.

ⓘ

Садовите за готвење од емајлиран челик и оние со алуминиумско или бакарно дно можат да предизвикаат промена на бојата на стакло-керамичката површина.

За зачувување енергија и за да се уверите дека површината за готвење работи правилно, дното на садовите за готвење мора да има погоден минимален дијаметар.



7.2 Спецификации за ринглите

Рингла	Дијаметар на сад за готвење (мм)	Јачина (W)
Лев заден	125 - 145	1200
Десен заден	150 - 180	1800
Десен преден	125 - 145	1200
Лев преден	180 - 210	2300

7.3 Поедноставен водич за готвење

ⓘ

Податоците во табелата се само насоки.

Поставки за подгревање	Употребете за да:	Време (мин)	Совети
⎽ – 1	Чувајте ја зготвената храна топла.	како што е неопходно	Ставете капак на садот за готвење.
1 - 2	Hollandaise сос; топење: путер, чоколадо, желатин.	5 - 25	Промешувајте одвреме-навреме.
2	Зацврснување: меки омлети, печени јајца.	10 - 40	Готвење покриено со капак.
2 - 3	Крчкање ориз и јадења со млеко, подгревање готови јадења.	25 - 50	Додајте најмалку двапати повеќе течност од количината на оризот, мешајте ги јадењата со млеко на половина на готвењето.
3 - 4	Варете зеленчук, риба, месо.	20 - 45	Додадете неколку лажици вода. Проверете ја количината на вода за време на процесот.

Поставки за подгревање	Употребете за да:	Време (мин)	Совети
4 - 5	Гответе на пареа компири и друг зеленчук.	20 - 60	Покријте го дното на тенџерето со 1-2 см вода. Проверете го нивото на водата за време на процесот. Држете го капакот на тенџерето.
4 - 5	Гответе поголеми количини храна, чорби и супи.	60 - 150	До 3 l течност плус состојки.
6 - 7	Лесно пржење: шницла, телешко кордон блу, котлети, ризоли, колбаси, црн дроб, запршка, јајца, палачинки, крофни.	како што е неопходно	Превртете кога е потребно.
7 - 8	Интензивно пржење, пржен рендан компир, шницли.	5 - 15	Превртете кога е потребно.
9	Сварете вода, гответе тестенини, спржете месо (гулаш, печење), пржете компир во фритеза.		

8. ПЛОЧА ЗА ГОТВЕЊЕ - ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

8.1 Општи информации

- Чистете ја површината за готвење по секоја употреба.
- Секогаш употребувајте садови за готвење со чисто дно.
- Гребаниците или темните дамки на површината немаат ефект на тоа како функционира површината за готвење.
- Користете специјално средство за чистење наменето за површината на плочата за готвење.
- Секогаш користете стругалка препорачана за плочи за готвење со стаклена површина. Користете ја стругалката само како дополнителна алатка за чистење на стаклото по стандардната процедура за чистење.

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

Не користете ножеви или други остри метални алатки за чистење на стаклената површина.

8.2 Чистење на плочата за готвење

- **Веднаш отстранете:** стопена пластика, пластична фолија, сол, шеќер и храна со шеќер, во спротивно, нечистотијата може да ја оштети плочата за готвење. Внимавајте да не се изгорите. Ставете го специјалното стругало за чистење на плочата на стаклената површина под остар агол и движете го сечивото по површината.
- **Извадете ги откако апаратот е доволно изладен:** прстени од бигор, вода, дамки од маснотии, светкави метални промени на бојата. Чистете ја плочата за готвење со влажна крпа и неабразивен детергент. По чистењето, избришете ја плочата за готвење со мека крпа.
- **Отстранување светкави метални промени на бојата:** користете раствор од вода и оцет и чистете ја стаклената површина со крпа.

9. РЕРНА - СЕКОЈДНЕВНА УПОТРЕБА

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

9.1 Функции на греење

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Не истурајте течности во втиснувањата на шуплината пред и за време на готвењето. Постои ризик од оштетување.

0	**Позиција исклучено** Рерната е исклучена.
	Готвење со вентилатор За печење или истовремено печење месо и тесто за кои е потребна иста температура, со користење на повеќе нивоа, без мешање на вкусовите.
	Долен грејач За печење колачи со крцкав долен дел и за конзервирање храна.
	Скара За печење на скара на тенки парчиња храна и за печење тостови леб.
	Брза скара За печење на скара на тенки парчиња храна и за печење тостови леб.
	Потпекување За печење големи парчиња месо или живина со коски на едно ниво на решетката. За запекување и потпекување.
	Конвенционално готвење / Чисто со вода За печење храна и месо на едно ниво на полицата. Видете во поглавјето „Нега и чистење“ за повеќе информации за: Чисто со вода.
	Печете со влажен воздух Оваа функција беше искористена за усогласување со класата за енергетска ефикасност и регулативите за екодизајн (во согласност со EU 65/2014 и EU 66/2014). Тестови според: IEC/EN 60350-1. Направена е за штедење на електрична енергија за време на готвењето. Вратата на рерната треба да биде затворена за време на готвењето со што функцијата не би се прекинала и за да се осигурате дека рерната работи со највисока можна енергетска ефикасност. Кога ја користите оваа функција, температурата во внатрешноста може да биде различна од поставената температура. Јачината на топлината може да биде намалена. За општи препораки за штедење на енергија видете во поглавјето „Енергетска ефикасност“, Штедење енергија. За упатството за готвење, видете во поглавјето „Напомени и корисни совети“, Печете со влажен воздух. Кога ја користите оваа функција светлото автоматски се исклучува.

ⓘ

Можете да ја одмрзнете храната со избирање на функцијата **Печете со влажен воздух** без поставување на температура.

9.2 Вклучување и исклучување на рерната

ⓘ

Во зависност од моделот, вашиот апарат може да има копчиња со симболи, показни светла или светла:

- Показното светло се пали кога рерната се загрева.
- Светилката се пали кога рерната работи.
- Симболот покажува дали копчето контролира некоја од ринглите, функциите на рерната или температурата.

1. Вртете го тркалцето за функции на рерната за да изберете функција на рерната.
2. Завртете го тркалцето за контрола на температурата за да изберете температура.
3. За да ја исклучите рерната свртете го тркалцето за функции на рерната и температура на позиција на исклучено.

9.3 Вентилатор

Кога работи печката, вентилаторот се вклучува автоматски за да ги одржува ладни површините на печката. Ако ја исклучите печката, вентилаторот запира.

9.4 Вметнување на додатоци

Достапни додатоци во зависност од моделот. Скенирајте го QR-кодот за да проверите како да користите додатоци испорачани со вашиот апарат. Можете да нарачате дополнителна опрема посебно. За повеќе информации, ве молиме контактирајте го локалниот добавувач.

Малите вдлабнатини ја зголемуваат сигурноста и обезбедуваат заштита од навалување. Тие се и уреди за спречување превртување. Работ околу решетката ги спречува садовите за готвење да се излизгаат.

Вметнете го додатокот (решетката / тавата) меѓу водилките на држачот за решетката. Погрижете се решетката да го допира задниот дел од внатрешноста на рерната.



Ако вашата тава има наклон, поставете ја кон задниот дел од внатрешноста на рерната.

Ако има натпис на додатокот, проверете дали е свртен кон вас.

Ако користите плех со отвори, ставете го плехот/тавата одоздола, за да се соберат течностите што капат.

10. РЕРНА - НАПОМЕНИ И КОРИСНИ СОВЕТИ

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

ⓘ

Температурата и времето на печење во табелите се само водич. Тие зависат од рецептите и квалитетот и квантитетот на употребените состојки.

10.1 Печете со влажен воздух

Леб и пица

Храна	Температура (°C)	Време (мин)	Ниво на решетката
Лепчиња	180	25 - 35	3
Замрзната пица 350 g	190	25 - 35	3

Колачи на плех за печење

Храна	Температура (°C)	Време (мин)	Ниво на решетката
Швајцарски ролат	180	20 - 30	3
Колаче	180	30 - 40	3

Колачи во плех

Храна	Температура (°C)	Време (мин)	Ниво на решетката
Суфле	200	30 - 40	3
Флан со пандишпан	180	20 - 30	3
Викторијанска торта со џем	150	25 - 35	3

Риба

Храна	Температура (°C)	Време (мин)	Ниво на решетката
Риба во ќеса 300 g	180	25 - 35	3
Цела риба 200 g	180	25 - 35	3
Рибни филети 300 g	180	25 - 35	3

Месо

Храна	Температура (°C)	Време (мин)	Ниво на решетката
Месо во ќеса 250 g	200	25 - 35	3
Ражени 500 g	200	30 - 40	3

Печена храна во мали парчиња

Храна	Температура (°C)	Време (мин)	Ниво на решетката
Колачиња	180	25 - 35	3
Макарон-колач	160	25 - 35	3
Мафини	180	25 - 35	3
Солени крекери	170	20 - 30	3
Колачиња од суво тесто	150	25 - 35	3
Тартелети	170	15 - 25	3

Вегетеријанска храна

Храна	Температура (°C)	Време (мин)	Ниво на решетката
Мешан зеленчук во ќесе 400 g	180	25 - 35	3

Храна	Температура (°C)	Време (мин)	Ниво на решетката
Омлет	200	20 - 30	3
Зеленчук на плех 700 g	180	25 - 35	3

10.2 Информации за тестирање

Храна	Функција	Температура (°C)	Време (мин)	Прибор	Ниво на решетката
Мали колачиња (20 мали колачиња на плех)	Конвенционално готвење	170	20 - 30	Тава	4
Мали колачиња (20 мали колачиња на плех)**1)**	Готвење со вентилатор	150	20 - 30	Тава	2
Мали колачиња (20 мали колачиња на плех)**1)**	Готвење со вентилатор	150	25 - 35	Тава / Длабока тава	1 + 4
Пита со јаболка, 2 плеха (ø 20 см) на решетката, дијагонално поместена	Конвенционално готвење	180	70 - 90	Решетка	1
Пита со јаболка, 2 плеха (ø 20 см) на решетката, дијагонално поместена	Готвење со вентилатор	160	70 - 90	Решетка	2
Пита со јаболка, 2 плеха (ø 20 см) на решетката, дијагонално поместена	Функција за пица	160	60 - 80	Решетка	2
Посен пандишпан, 1 плех (ø 26 см) на решетката	Конвенционално готвење	170	30 - 40	Решетка	3
Посен пандишпан, 1 плех (ø 26 см) на решетката	Готвење со вентилатор	150	35 - 45	Решетка	2
Посен пандишпан, 1 плех (ø 26 см) на решетката **1)**	Готвење со вентилатор	160	25 - 35	Решетка	1 + 4
Леб без квасец/Печиво во форма на стапчиња	Готвење со вентилатор	140	20 - 35	Тава	3
Леб без квасец/Печиво во форма на стапчиња	Готвење со вентилатор	140	20 - 30	Тава	1 + 4
Леб без квасец/Печиво во форма на стапчиња	Конвенционално готвење	160	20 - 35	Тава	3
Тост**1)**	Брза скара	Макс.	1 - 5	Решетка	4

Храна	Функција	Темпе ратура (°C)	Време (мин)	Прибор	Ниво на решетка та
Бургер со говедска плескавица	Скара	Макс.	15 - 20 прва страна. 10 - 15 втора страна.	Решетка / Длабока тава	4 + 1

1) Претходно загрејте ја рерната 10 минути.

11. РЕРНА - ГРИЖА И ЧИСТЕЊЕ

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

11.1 Белешки околу чистењето

Средства за чистење

- Предниот дел на апаратот чистете го само со крпа од микрофибер натопена со топла вода и благо средство за чистење. Исчистете ја и проверете ја заптивката на вратата околу рамката на внатрешноста.
- Користете раствор за чистење за да ги исчистите металните површини.
- Чистете ги дамките со благ детергент.

Секојдневна употреба

- Чистете ја внатрешноста по секоја употреба. Насобирањето мрснотии или други остатоци од храна може да резултира со пожар.
- Не чувајте храна во апаратот подолго од 20 минути. Исушете ја внатрешноста само со крпа од микрофибер по секоја употреба.

Додатоци

- Чистете ги сите додатоци по секоја употреба и оставете ги да се исушат. Користете само крпа од микрофибер натопена со топла вода и умерено средство за чистење. Не чистете ги додатоците во машина за миење садови .
- Не чистете ги додатоците што не се лепат со употреба на абразивни средства за чистење или со предмети со остри рабови.

11.2 Печки од не'рѓосувачки челик или од алуминиум

Чистете ја вратата на печката само со мокар сунѓер или крпа. Исушете ја со мека крпа.

Не користете челична жица, киселини или абразивни материјали, бидејќи тие можат да ја оштетат површината. Чистете ја контролната табла на печката со истите мерки на претпазливост.

11.3 Отстранување на држачите за решетки

За чистење на рерната, отстранете ги држачите за решетките.

1. Повлечете го предниот дел од држачите настрана од страничниот ѕид.



2. Повлечете го задниот дел на држачите на решетката настрана од страничниот ѕид и извадете ја.



Ставете ги полиците по обратен редослед.

⚠ ВНИМАНИЕ!

Проверете дали подолгата жица за фиксирање е поставена напред. Краевите на двете жици треба да бидат насочени наназад. Неправилна инсталација може да предизвика оштетување на емајлот.

11.4 Начин на користење: Чисто со вода

Оваа процедурата за чистење користи пареа за да помогне во вадење на преостанатата мрснотија и остатоците од храна од апаратот.

1. Сипете вода во моделираната внатрешност: 250ml.
2. Поставете ја функцијата ▭.
3. Поставете ја температурата на 90 °C.
4. Пуштете го апаратот да работи околу 30 мин.
5. Исклучете го апаратот.
6. Почекајте апаратот да се олади. Исушете ја внатрешноста со мека крпа.

11.5 Вадење на вратата од рерната

За полесно чистење, извадете ја вратата.



1. Целосно отворете ја вратата.
2. Поместете го лизгачот додека не слушнете клик.
3. Затворете ја вратата додека лизгачот не се заклучи.
4. Извадете ја вратата.
   За да ја извадите вратата, повлечете ја вратата кон надвор прво од едната страна, а потоа од другата.

Кога ќе заврши постапката за чистење, вметнете ја вратата од рерната во спротивен редослед. Проверете дали ќе слушнете клик кога ќе ја вметнете вратата. Употребете сила доколку е потребно.

11.6 Отстранување и чистење на стаклата на вратата

ⓘ

Стаклото на вратата во вашиот производ може да биде различно по тип и форма од примерите што ги гледате на сликите. Бројот на стакла исто така може да биде различен.

1. Држете ја облогата на вратата B на горниот раб на вратата на двете страни и турнете навнатре за да се отпушти заптивката.



2. Повлечете ја облогата на вратата напред и извадете ја.
3. Држете ги стаклените плочи на вратата на горниот раб една по една и повлечете ги нагоре за да ги извадите од водилката.



4. Исчистете ги стаклените панели на вратата.

За да монтирате панели, направете ги истите чекори во обратен редослед.

11.7 Замена на светлото

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Опасност од струен удар.
Ламбата може да биде жешка.

1. Вклучете ја печката. Почекајте додека печката не се олади.
2. Откачете ја печката од електричното напојување.
3. Ставете крпа на дното на внатрешноста.

Задна светилка

ⓘ

Стаклениот капак на светилката е во задниот дел на внатрешноста.

1. Свртете го стаклената капаче на светилката налево за да го извадите.
2. Исчистете го стаклениот капак.
3. Заменете ја светилката со соодветна светилка за рерна отпорна на топлина до 300°C.
   Употребете ист тип светилка за рерна.
4. Монтирајте го стаклената капаче.

11.8 Фиока

Фиоката за складирање е под отворот на рерната.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Не ставајте храна во фиоката.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Не чувајте запаливи предмети како што се материјали за чистење, пластични кеси, ракавици за рерна, хартија, производи за чистење, аеросоли, пластични предмети во фиоката. Кога ја користите рерната, фиоката може да се загрее. Постои ризик од пожар.

Фиоката може да се отстрани за чистење.

Вадење на фиоката:

1. Извлечете ја фиоката надвор додека не застане.
2. Подигнете ја фиоката малку за да може да се подигне нагоре под агол на водилките на фиоката.

За да ја вратите фиоката, следете ја постапката обратно.

12. РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМИ

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!

Видете во поглавјата за заштита и сигурност.

12.1 Што да направите ако...

Проблем	Можна причина	Решение
Не можете да го активирате апаратот.	Апаратот не е поврзан со електрично напојување или не е правилно поврзан.	Проверете дали апаратот е правилно поврзан во електричната мрежа.
Не можете да го активирате апаратот.	Избил осигурувач.	Уверете се дека осигурувачот е причината за неисправноста. Ако осигуруваčот постојано избива, стапете во контакт со квалификуван електричар.
Не се пали показното светло за преостаната топлина.	Ринглата не е жешка затоа што работела само кратко време.	Ако ринглата работела доволно долго за да биде жешка, разговарајте со овластен сервисен центар.
Рерната не се загрева.	Рерната е исклучена.	Вклучете ја рерната.
Рерната не се загрева.	Не се поставени потребните поставки.	Осигурајте се дека поставките се точни.
Светилката не работи.	Светилката не е исправна.	Заменете ја светилката.
На храната и во внатрешноста на рерната се спушта пареа и кондензација.	Јадењата се оставени во рерната премногу долго.	Не оставајте ги јадењата во рерната подолго од 15 - 20 минути по завршување на готвењето.

12.2 Сервисни податоци

Ако не можете самите да го решите проблемот, обратете се кај Вашиот дилер или во овластениот сервисен центар.

Потребните податоци за сервисниот центар се на плочката со спецификации. Плочката со спецификации е на предната рамка на внатрешноста на апаратот. Не отстранувајте ја плочката со спецификации од внатрешноста на апаратот.

Препорачуваме овде да ги запишете податоците:	
Модел (MOD.)	.....
Број на производ (PNC)	.....
Сериски број (SN.)	.....

13. ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

13.1 Информации за производот за плоча за готвење според Регулативата на ЕУ за екодизајн

Идентификација на модел	LKR62001CW	
Тип на плоча за готвење	Плоча за печење во индивидуална печка	
Број на зони за готвење	4	
Технологија на подгревање	Радијатор	
Дијаметар на кружни зони за готвење (Ø)	Лев преден Лев заден Десен преден Десен заден	21.0 см 14.5 см 14.5 см 18.0 см

Потрошувачка на енергија по зона на готвење (EC electric cooking)	Лев преден Лев заден Десен преден Десен заден	182.3 Wh/kg 181.8 Wh/kg 181.8 Wh/kg 182.1 Wh/kg
Потрошувачка на енергија на плочата за готвење (EC electric hob)		182.0 Wh/kg

IEC/EN 60350-2- Електрични апарати за готвење за домаќинства - Дел 2: Плочи за готвење - методи за мерење на резултатите.

13.2 Плоча за готвење - Штеди енергија

Можете да заштедите енергија за време на секојдневното готвење ако ги следите советите подолу.

- Кога загревате вода, користете само колку што ви треба.
- Ако е можно, секогаш ставајте ги капаците на садовите за готвење.
- Пред да ја активирате ринглата, ставете го садот за готвење врз неа.
- Дното на садовите за готвење треба да има ист дијаметар како и ринглата.
- Ставете ги помалите садови за готвење на помалите рингли.
- Ставете го садот за готвење директно во центарот на одбраната рингла.
- Користете ја преостанатата топлина за да ја задржите храната топла или да ја стопите.

13.3 Лист со информации за производот и информации за производот според регулативите за енергетско обележување и еко-дизајн на ЕУ за печки

Име на добавувачот	Electrolux
Идентификација на модел	LKR62001CW 940003106
Индекс на енергетска ефикасност	95.3
Класа на енергетска ефикасност	A
Потрошувачка на енергија кај нормално полнење, конвенционален режим	0.95 kWh/cycle
Потрошувачка на енергија кај нормално полнење, режим на вентилатор	0.82 kWh/cycle
Број на вдлабнатини	1
Извор на топлина	Електрична енергија
Волумен	73 l
Тип на печка	Печка за печење во индивидуална печка
Маса	46.4 кг.

IEC/EN 60350-1 - Електрични апарати за готвење за домаќинства - Дел 1: Опсези, печки, печки на пареа и скари - Методи за мерење на перформансите.

13.4 Рерна - заштеда на енергија

Следниве совети подолу ќе ви помогнат да заштедите енергија кога го користите вашиот апарат.

Проверете дали вратата на апаратот е правилно затворена кога работи апаратот. Не отворајте ја вратата на апаратот многу често за време на готвењето. Оддржувајте го чист дихтунгот на вратата и проверете дали е добро фиксиран на својата позиција.

Користете метални садови и темни плехови и садови кои ја одбиваат светлината за да го зголемите штедењето на енергија.

Не предзагревајте го апаратот пред готвење освен ако не е посебно препорачано.

Правете колку што е можно помали паузи меѓу готвењето кога правите повеќе јадења истовремено.

Готвење со вентилатор
Кога е можно, користете ги функциите за готвење со вентилатор за да заштедите енергија.

Преостаната топлина
Кога траењето на готвењето е подолго од 30 минути, намалете ја температурата на апаратот за минимум 3 - 10 минути пред крајот од готвењето. Преостанатата топлина во апаратот ќе продолжи да готви.

Користете ја преостанатата топлина за да ја задржите храната топла или да ги загреете другите јадења.

Одржување на топлина кај храната
Одберете ја најниската поставка за температура за да ја искористите преостанатата топлина и да ја одржите храната топла.

Печете со влажен воздух
Функција за штедење на електрична енергија за време на готвењето.

13.5 Информации за производот за потрошувачката на енергија и максималното време за постигнување на применливиот режим со мала моќност

Потрошувачка на енегија со исклучен режим	0.3 W
Максимално време потребно за опремата автоматски да го достигне применливиот режим со мала моќност	20 мин

14. ГРИЖА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Рециклирајте материјали со симболот ♺. Ставете го пакувањето во соодветни контејнери за да го рециклирате. Помогнете во заштитата на животната средина и здравјето на луѓето со рециклирање на отпад од електрични и електронски апарати. Не фрлајте ги апаратите означени со симболот 🗑 со отпадот од домаќинството. Вратете го производот во вашиот локален објект за рециклирање или контактирајте со општинската канцеларија.

electrolux.com

867364733-A-452025